## SAMSUNG ARMANI





Ознаката за моделот кој се крие позади Samsung Armani всушност е Samsung R520 и е јасно дека ѝ припаѓа на R серијата. Моделот може да биде во две верзии при фабричкото пакување - стандардно и дополнето, а разликата е во Bluetooth слушалката, која доаѓа во второто. Во стандардното пакување доаѓа футрола, полнач, дата кабел, мемориска картичка, стерео слушалки и крпче за чистење. Сите додатоци кои доаѓаат во кутијата изгледаат стилски и го носат брендот на Giorgio Armani. Куќиштето е изработено од фино полиран метал. Samsung Armani е опремен со 2.6 инчен TFT дисплеј на допир со 262K бои. Дисплејот нуди убави бои, контраст и сатурација, но не е задоволителен кога е изложен на директна сончева светлина, а се однесува и како "магнет" за отпечатоци од прсти. Веројатно претпоставувавте - дисплејот служи и како тастатура. Камерата снима видео во CIF видео резолуција (352x288 пиксели), со 15 фотографии во секунда, а видеото се снима во MPEG-4 формат, што овозможува лесно да биде прегледано на компјутер со речиси секој софтвер за гледање видео.

## HYBRID DUAL PORTABLE COMPUTER



"MIU Korea" ја претстави својата нова безжична направа на база на IP. Го нарекоа HDPC (Hybrid Dual Portable Computer) и има два оперативни система Windows XP/Windows CE 5.0 и Linux Qplus. Тастатурата му е иста како и кај компјутерите, дисплејот му е 4 инчен (800x480). Во него има навигатор, мобилен телефон, PMP, плеер, UMPC, PSP, дигитална камера и



приемник за Интернет телевизија. HDPC ќе почне да се продава во Кореа во јули 2008 година по цена од 395 американски долари.


